

за ветер во магла

# Фаќалки

КИНЕТИЧКИ ИНСТАЛАЦИИ

## СНЕЖАНА АЛТИПАРМАК

**9 -15 јули / 2014**

Мобилна монтажна галерија

Министерство за култура
на Република Македонија

Центар за современи
уметности – Скопје
САС

**Снежана Алтипармак**
***Фаќалки... за ветер во магла*, 2014**

Делото „Фаќалки... за ветер во магла“ на Снежана Алтипармак, адаптирано во затворениот простор на монтажната галерија на Центарот за современи уметност-Скопје, претставува резултат на нејзиниот повеќегодишен интерес за кинетизмот преку инсталации кои се засноваат на движечки елементи. Истовремено, тоа е завршна фаза од нејзиното истражување за пост-дипломските студии на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, магистерски проект одбранет во јуни 2014 година.

Интересирајќи се во континуитет од студиските години, за техничко-технолошкиот напредок и неговата улога во менувањето на современите општества, како и за енормното производство на индустрискиот отпад, Снежана Алтипармак истото го става во контекст на преиспитување на односот помеѓу технологијата, артифициелноста и животот кој сè повеќе зависи од неа.

Инсталацијата „Фаќалки“, на некој начин претставува и продолжување на тенденцијата започната преку инсталацијата „Пад и подем“ од 2010 година, изложена/претставена во Музејот на град Скопје, во која на сличен начин се третираат конфигурации од чисти форми, рефлектирачки површини, елементи придвижени од електромотор, правилни ритмови, но и звук кој ја проблематизира целата слика и отвора еден апсурден јаз помеѓу мртвата артифициелност која ја проектираат индустриските материјали и „звукот на животот“.

И последново остварување се карактеризира со фокусирање на визуелната хипнотичност, преку контролираните, однапред зададени движења на малите кубуси, кои се централниот елемент што ја дефинира апсурдноста во повторувањето. Едноставните, но совршено диригирани, синхронизирани и координирани движења на малите метални кубуси, истовремено можат да бидат видени како визуелизација на унифицираноста која општеството ја наметнува врз поединецот, како и односот на човекот и машините во сè поизразено механизираниот свет во кои и меѓучовечките односи се предмет на сериозна инструментализација.

Но, негирањето на статичноста и фаворизирањето на движењето, потенцирани во образложението на проектот во текстот од магистерскиот труд, на некој начин стануваат дискутабилни ако се земе предвид дека контролираните, ритмички движења и нивната повторливост, се само симулација и метафора за диригираната општествена реалност во која слободниот избор е сведен на минимум. од друга страна, и самата концепција на инсталациите наметнуваат поизразено соочување со ограничените просторни, технички, временски и финансиски можности на уметникот во нашата средина.

Тоа што е интересно да се забележи е одлуката за вклучување на дополнителни елементи, како што во овој случај се слимулирањето на звуците од машини, коишто се „произведени“ од човечки глас. Оваа „дадистичка“ интервенција на делото му ја дава неопходната завршница со која се постигнува суптилна, речиси неприметна дестабилизација на визуелно строгата структура.

Чувствувајќи го притисокот на сложените општествени структури кои ја диктираат сликата за реалноста, пренесени и врз уметничкиот свет, Снежана Алтипармак, поставувајќи си себеси низа прашања кои ги споделува низ творечкиот континуитет, се наоѓа пред дилема околу ефективноста на метафората конструирана низ формите и механизмите кои ги конципира и проектира. Тоа може да се протолкува и како обид за излегување од востановената творечка матрица, и можеби најава за нова фаза во нејзината работа.

**Владимир Јанчевски**
Скопје, 3-6 јули 2014